**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**31-ти август 2021 година, Гевгелија    Број 9   Година XXXX**

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.g

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (11) од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
**за приоритет на проект: "Ревитализација на дел од улица "Методија Андонов – Ченто" во населено место Мрзенци, општина Гевгелија"**

**член 1**

Проектот "Ревитализација на дел од улицата "Методија Андонов – Ченто" во населено место Мрзенци, согласно процедурите за користење на средствата, се потврдува за приоритетен во општина Гевгелија за 2021 година.

**член 2**

Средствата за ревитализација се обезбедени преку Проектот за поврзување на локалните патишта на Министерството за транспорт и врски со заем од Светска банка.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1269/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 год.) и член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, по расправата за Предлог-Елаборатот за процена на висината на штетите предизвикани од природната непогода–градушка... 

1.Се усвојува Елаборатот за процена на височината на штетите предизвикани од природната непогода-голомразица што ги зафати населените места Гевгелија, Негорци, Миравци, Прдејци, Милетково и Богородица во периодот од 8-10.04.2021 година, изготвен од Општинската комисија за процена на висината на штетите предизвикани од елементарни непогоди во Општина Гевгелија, со предлозите и забелешките изнесени во дискусиите на седницата.

2.Елаборатот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РСМ, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1270/1
30.08.2021год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

--------------------------

Врз основа на член 158 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 275/19) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 30.08.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за измена на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија

### член 1

Во Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.6/2021 од 28.05.2021) во членот 2, став (2), алинеите 10 и 11, односно зборовите: „ - Советот на Општина Гевгелија - 3 претставника и - Општинска администрација - 1 претставник“, се бришат, а запирката по алинеја 9, односно по зборовите „1 претставник“ се заменува со точка.

### член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1271/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 158 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 275/19), член 2 од Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 6/2021) и член 38 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 30.08.2021година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

**за измена на Решението за именување членови во Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија**

1.Во Решението за измена на Решението за именување членови во Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 8/2021 од 21.07.2021) во точка 1, алинеите 12, 13 и 14, односно зборовите: „Елизабета Јаневска, Трајко Арџанлиев и Томе Ќичуков, претставници од Советот на Општина Гевгелија“, се бришат, а запирката по алинеја 11 се заменува со точка.

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1272/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на Општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 20-б став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.08.2021 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2022 година, предложен од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на Општина Гевгелија, Годишниот план за вработување на Општина Гевгелија за 2022 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1273/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------

Врз основа на член 15 став (2) од Уредбата за методологија за изработка на процена на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на објектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/11 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 30.08.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА
**за давање на користење на Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Гевгелија за потребите на СВР-Струмица и Регионалниот центар за гранични работи – "ЈУГ" - Кавадарци**

**член 1**

Процената на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Гевгелија, по претходно доставено барање преку Регионалниот центар за управување со кризи – Гевгелија, се дава на користење за потребите на СВР-Струмица и Регионалниот центар за гранични работи – "ЈУГ" – Кавадарци.

**член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1274/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

**--------------------------**

Врз основа на член 28 од Законот за средно образование (Основен текст на законот ″Сл.весник на РМ″ бр.44/95 и измените на ″Сл.весник на РМ″ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017, 64/2018 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр.229/20), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност за формирање на паралелки со помал број ученици во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебна 2021/2022 год.**

1.Се дава согласност за формирање на паралелки со помал број ученици од 25 во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за учебната 2021/2022 год.и тоа:

| Вид на образование во I година средно образование | Паралелки | Ученици |
|---|---|---|
| Гимназиско образование/природно математичко подрачје-комбинација А | 1 | 11 |
| Гимназиско образование/природно математичко подрачје-комбинација Б | 1 | 18 |
| Гимназиско образование/природно математичко подрачје-комбинација и | 1 | 18 |
| Гимназиско образование/општествено хуманистичко подрачје-комбинација Б и природно математичко подрачје-комбинација Б | 1 | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| Економско,правна и трговска струка/економски техничар | 1 | 17 |
| Економско,правна и трговска струка/економски техничар | 1 | 18 |
| Угостителско туристичка струка/Готвач/келнер | 1 | 10 |
| Машинска струка/машински техничар за моторни возила | 1 | 21 |
| Здравствена струка/физеотерапевтски техничар/гинеколошко-акушерска сестра | 1 | 23 |
| **Вкупно паралелки** | **9** | **148** |

2.Ова Решение влегува на сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1275/1 Претстедател
30.08.2021 год на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

-------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ ″Владо Кантарџиев″- Гевгелија за учебната 2020/2021 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/37 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1276/1 Претседател
30.08.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

---------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ ″Владо Кантарџиев″- Гевгелија за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/38 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

бр.09-1277/1
30.08.2021 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------------

Врз основа на член 34 став (1) од Законот за основно образование (″Службен весник на РМ″ бр.161/19 год.), член 7 од Правилникот за начинот на изведување ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010г. на Министерството за образование и наука) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 год., донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање мислење за реализација на Годишната Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2021-2022г.**

1.**Се дава позитивно мислење** за реализација на Годишната Програма за ученички екскурзии и други слободни активности на учениците во ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година, предложена од училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/33 од 13.08.2021 година.

2.Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ ″Владо Кантарџиев″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1278/1<br>30.08.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов**

--------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот Извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ ″Крсте Мисирков″- Гевгелија за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ ″Крсте Мисирков″-Гевгелија за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-342/4 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1279/1<br>30.08.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ ″Крсте Мисирков″- Гевгелија за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ ″Крсте Мисирков″- Гевгелија за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-342/3 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

бр.09-1280/1 Претседател
30.08.2021 год.. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

**---------------------------**

Врз основа на член 34 став (1) од Законот за основно образование (″Службен весник на РМ″ бр.161/19 год.), член 7 од Правилникот за начинот на изведување ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010г. на Министерството за образование и наука) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 год., донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање мислење за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ ″Крсте Мисирков″-Гевгелија за учебната 2021-2022г.**

1.**Се дава позитивно мислење** за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ ″Крсте Мисирков″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-343/3 од 13.08.2021 година.

2.Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ ″Крсте Мисирков″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ ″Крсте Мисирков″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-1281/1 Претседател
30.08.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот Извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ″Ристо Шуклев″- Негорци за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ ″Ристо Шуклев″-Негорци за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-178/3 од 05.07.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1282/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ ″ Ристо Шуклев″- Негорци за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ ″Ристо Шуклев″-Негорци за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-178/7 од 03.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1283/1 Претседател
30.08.2021 год.. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот Извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ ″Климент Охридски″- Миравци за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ ″Климент Охридски″-Миравци за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-216/2 од 02.07.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

бр.09-1284/1 Претседател
30.08.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

**------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ ″Климент Охридски″- Миравци за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ ″Климент Охридски″-Миравци за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-245/1 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1285/1
30.08.2021 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООМУ ″Васо Карајанов″- Гевгелија за учебната 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООМУ ″Васо Карајанов″-Гевгелија за учебната 2020/2021 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-83/2 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1286/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на РМ″ бр.05/02 год.), а во врска со член 108 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование (″Службен весник на РСМ″ бр.161/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООМУ ″Васо Карајанов″- Гевгелија за учебната 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООМУ ″Васо Карајанов″-Гевгелија за учебната 2021/2022 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-83/3 од 13.08.2021 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09-1287/1 Претседател
30.08.2021 год.. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

**-------------------------------**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 год. и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**За давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2022 година, предложен од директорот на јавната установа под бр.04-65/1 од 18.08.2021 година.

**Член 2**

Се обврзува директорот на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија, Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2022 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1288/1 Претседател
30.08.2021 година на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

----------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 год.), а во врска со член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 год., и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“-Гевгелија за 2022 година

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“-Гевгелија за 2022 година, предложен од директорот на јавната општинска установа под бр.01-106/1 од 18.08.2021 година.

**Член 2**

Се обврзува директорот на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“-Гевгелија, Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“-Гевгелија за 2022 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1289/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа (" Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14...........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20,

02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија за 2020/2021 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ "Детска Радост" - Гевгелија за 2020/2021 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-173/6 од 18.08.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1290/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 116 став (1) алинеа 2 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр..23/13, 12/14, 44/14, 144/14...........198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија за 2021/2022 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУДГ "Детска Радост" - Гевгелија за 2021/2022 година, усвоена и предложена од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-173/7 од 18.08.2021 год.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1291/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 67 став (6) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.....198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19 год.), и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија**

**Член 1**

Се усвојува Одлуката за утврдување распоред на работното време во ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија, донесена и предложена од Управниот одбор на јавната установа за деца со Одлука бр.02-173/4 од 18.08.2021 година.

**Член 2**

Распоредот на работното време во оваа јавна установа се утврдува скалесто, определен во рамките на работното време од 05:30 до 16:30 часот.

Одморот во текот на дневното работно време на ЈОУДГ "Детска Радост"-Гевгелија е во траење од 30 минути и се користи скалесто.

**Член 3**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија."

Бр.09-1292/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

---------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен гласник на РМ" бр.05/02год.), а во врска со член 64 став (5) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14.....104/19 и 146/19 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија за 2021/2022 година**

1.Се дава согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца во групите во ЈОУДГ "Детска радост" – Гевгелија за 2021/2022 година, донесена и предложена со Одлука бр.02-173/5 од 18.08.2021 година на Управниот одбор на јавната установа за деца.

2. Јавната детска градинка и детско одморалиште, во текот на 2021/2022, година, може да има поголем број на деца, но не повеќе од 20% од предвидениот број согласно Законот за заштита на децата, односно помал број деца.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1293/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 3 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија од 2020 година**

1.**Се дава согласност** на Одлуката за распределба на добивката на ЈПКД ″Комуналец″-Гевгелија за 2020 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-853/3 од 28.06.2021 година.

2.Нето добивката за 2020 година во износ од 1.032.916,00 денари во цел износ да се распореди за други намени-инвестиции

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1294/1
30.08.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2021г. – 30.06.2021 година, со посебен осврт на периодот од 01.04.2021 – 30.06.2021 година**

1.**Се дава согласност** на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″-Гевгелија за периодот од 01.01.2021 год. – 30.06.2021 година, донесен под бр.05-785/2 од 10.08.2021 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-1123/2 од 18.08.2021 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1295/1<br>30.08.2021 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Тодор Ристов**

-----------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18,198/18 и 143/19 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (“Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈПКД “Комуналец“ - Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на Јавното претпријатие за комунални дејности “Комуналец“ - Гевгелија за 2022 година, предложен од директорот на јавното претпријатие под бр.01-1099/1 од 11.08.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр.09-1296/1 Претседател
30.08.2021 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Тодор Ристов**

**-------------------------------**

Врз основа на член 96 став (2) и член 99 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 30.08.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за утврдување потреба од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување – бунарско подрачје Вардар

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување-бунарско подрачје Вардар, општина Гевгелија.

**член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да испрати допис до Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ заради потребата од определување на заштитна зона на бунарите за водоснабдување – Мрзенци.

**член 3**

Границите на заштитната зона ги определува Владата на РСМ, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, врз основа на изработениот Елаборат за утврдување на границите на заштитната зона околу водозафатните објекти за водоснабдување на Општина Гевгелија.

**член 4**

По определувањето на границите на заштитната зона од страна на Владата на РСМ, се задолжува ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да изврши основна заштита на водозафатниот објект – бунари за водоснабдување Мрзенци.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1297/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

----------------------------

Врз основа на член 96 став (2) и член 99 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата, одржана на 30.08.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за утврдување потреба од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување - Моин

**член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од определување заштитна зона околу бунарите за водоснабдување-Моин, општина Гевгелија.

**член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да испрати допис до Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ заради потребата од определување на заштитна зона на бунарите за водоснабдување – Мрзенци.

**член 3**

Границите на заштитната зона ги определува Владата на РСМ, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, врз основа на изработениот Елаборат за утврдување на границите на заштитната зона околу водозафатните објекти за водоснабдување на Општина Гевгелија.

**член 4**

По определувањето на границите на заштитната зона од страна на Владата на РСМ, се задолжува ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија да изврши основна заштита на водозафатниот објект – бунари за водоснабдување Моин.

**член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1298/1
30.08.2021 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**

-------------------------------

## АКТИ НА КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ ПРИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 26 став (5) и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021год. ), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион (број 07-230/1 од 29.01.2008 година) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион бр.07-230/1 од 29.01.2008 година (бр.09-1051/1 од 29.06.2021 година), Комисијата за статут и прописи при Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.08.2021 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
### за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион
### (Пречистен текст)

**Општи одредби**

**Член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на Југоисточниот плански регион, се основа Центар за развој на Југоисточниот плански регион.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион го основаат 10-те општини кои влегуваат во составот на планскиот регион.

**Член 2**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**Член 3**

Седиштето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е во Струмица на Булевар “Маршал Тито” бр.1-1.

**Делокруг на работа на Центарот**

**Член 4**

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Југоисточниот плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност
- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Југоисточниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Југоисточниот плански регион;
- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;
- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и
- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Организациска поставеност**

**Член 5**

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот на Центарот го избира Советот за развој на Југоисточниот плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Мандатот на директорот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**Член 6**

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

**Член 7**

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,

- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Југоисточниот плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

**Член 8**

Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Југоисточниот плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Финансирање на Центарот**

**Член 9**

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Југоисточниот плански регион.

Предлог финансискиот план на Центарот за следната календарска година, мора да се достави до Советот за развој на Југоисточниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Југоисточниот плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.

**Член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион, се согласни да го финанираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**Член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Југоисточниот плански регион, се определува на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Југоисточниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши два пати годишно, но најдоцна до 15 декември во тековната година

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

**Член 12**

Општините кои влегуваат во состав на Југоисточниот плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планските региони, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот, за реализација и имплементација на проектот.

Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрарот од ставот 1 на овој член се:

- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

**Член 13**

